Акционерско друштво за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
**- Годишно собрание -**
Број 0201 -1885/4
27.03.2014 година

Врз основа на одредбите од Статутот на Акционерското друштвото за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст Друштво), а во врска со член 415-в став 1 и став 4 од Законот за трговските друштва, **Годишното собрание на Друштвото**, на својата седница одржана на **27.03.2014 година**, донесе:

# ОДЛУКА

**За усвојување на Извештајот за работењето на Секторот за внатрешна ревизија на Друштвото за 2013 год**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работењето на Секторот за внатрешна ревизија на Друштвото за 2013 година.

2. Извештајот за работењето на Секторот за внатрешна ревизија на Друштвото за 2013 година е составен дел на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Согласно член 415 - в став 1, организационата единица за внатрешна ревизија е должна за своето работење да изготви и до органот на управување и до органот на надзор да достави Годишен извештај. Годишниот извештај беше изготвен и доставен до Управниот одбор на Друштвото, по што Управниот одбор донесе одлука бр.0203-817/4 од 17.02.2014 година со која предметниот извештај беше усвоен. Исто така, Годишниот извештај за работењето на Секторот за внатрешна ревизија беше доставен до Надзорниот одбор на Друштвото, по што Надзорниот одбор на Друштвото донесе одлука бр.0202-1041/6 од 27.02.2014 година со која истиот се усвои. Во истиот член од Законот за трговските друштва, но во став 4, органот на надзор е должен да го достави до собранието на друштвото предметниот извештај. Извештајот на Секторот за внатрешна ревизија беше доставендо Собранието на Друштвото, по што се одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

ГОДИШНО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

**Татјана Димов**